# ЈАВЕН ПОВИК

**ЗА ИЗБОР НА ЕКСПЕРТ/КА ЗА РАЗВОЈ И СПРОВЕДУВАЊЕ ОБУКА ЗА ПИШУВАЊЕ ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТИ И АПЛИЦИРАЊЕ ЗА ЕУ ФОНДОВИ**

## 1. Објавувач на повикот

Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје, на ден 17.10.2025 година, објавува **Јавен повик за избор на експерт/ка за развој и спроведување обука за пишување предлог-проекти и аплицирање за ЕУ фондови,** со цел зајакнување на капацитетите на здружението за прибирање средства и зголемување на пристапот до ЕУ фондови за иницијативи кои ги опфаќаат сексуалните работници како дел од маргинализираните заедници.

Овој ангажман се реализира во рамки на **Грант за основна поддршка на активностите на здружението,** број **100271-2024,** поддржан од фондацијата Red Umbrella Fund.

## 2. Цел на ангажманот

Целта на ангажманот е избор на стручно лице кое ќе дизајнира и спроведе обука за пишување предлог-проекти и развој на апликации за ЕУ фондови, со цел да се зајакнат капацитетите на менаџментот на здружението за прибирање средства и аплицирање кон релевантни ЕУ програми.

Очекуваниот резултат од ангажманот е зголемен капацитет на менаџментот на СТАР-СТАР Скопје за развој и поднесување конкурентни апликации до пристапни ЕУ фондови.

## 3. Опис на задачите

Експертот/ката ќе биде одговорен/а за:

1. Спроведување анализа на потребите на здружението во однос на пристап до ЕУ фондови и знаење и искуство со аплицирање;
2. Развој на програма и материјали за дводневна обука за пишување предлог-проекти и подготовка на апликации за ЕУ фондови;
3. Испорака на дводневна обука за потесниот менаџмент на здружението;
4. Фасилитирање практична работа и менторска поддршка во процес на развој на една целосна апликација (вежба);
5. Изготвување финален извештај кој го документира процесот, резултатите од активностите, и препораките за понатамошно подобрување на капацитетите за прибирање средства од ЕУ програми.

## 4. Период на реализација

Ангажманот ќе се реализира во периодот **од 01.11.2025 до 30.11.2025 година** а ќе ги опфати сите активности наведени под точки 1 до 5 од описот на задачите.

## 5. Финансиска понуда

Кандидат(к)ите, за ангажманот треба да достават финансиска понуда во бруто износ, изразена во евра (EUR).

## 6. Критериуми за избор

- Искуство во развој и спроведување обуки за пишување предлог-проекти и аплицирање за ЕУ фондови;
- Познавање на ЕУ програми за поддршка на граѓански организации од областа на социјалната заштита и човековите права;
- Искуство во градење капацитети на организации од граѓанскиот сектор;
- Квалитет на предлог програма/методологија за работа;
- Економски најповолна понуда.

**Предност ќе имаат кандидати со:**

- Искуство со работа и/или познавање на правата и потребите на сексуалните работници/чки и други маргинализирани заедници во Република Северна Македонија.

## 7. Склучување договор

Здружението ќе именува комисија за евалуација и избор најдоцна во рок од 3 (три) работни дена по завршување на повикот. Со избраниот експерт/ка, здружението ќе склучи договор за повремен ангажман. Условите за ангажманот ќе бидат дополнително усогласени во договор помеѓу двете страни. Доколку комисијата не спроведе избор, јавниот повик може да биде продолжен.

## 8. Потребни документи за аплицирање

- Мотивациско писмо со опис на релеватно искуство во развој на проекти поддржани од ЕУ програми/механизми;
- Професионална биографија (CV);
- Предлог програма/методологија за реализација на обуката;
- Финансиска понуда изразена во бруто износ во евра (EUR).

## 9. Начин и рок за аплицирање

Документите треба да се достават со назнака: **Јавен повик – Експерт/ка за обука за пишување предлог-проекти и аплицирање за ЕУ фондови**
на следната електронска адреса: star.contact@yahoo.com

Краен рок за аплицирање: **24.10.2025 година,16:00 часот**.

Нецелосни апликации и пријави доставени по истекот на рокот нема да се разгледуваат. Избраниот кандидат/ка ќе биде известен/а по електронски пат, најдоцна до **29.10.2025** година.